Бр. 0202-1124/2
15.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седмата седница на
Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 15 ноември, 2018 г.

ЗАПИСНИК
Од 7-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 15 ноември, 2018 г.

**Присутни**:

Петре Шилегов - Претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, Јован Стојаноски - градоначалник на општина Охрид, Медат Куртовски - градоначалник на општина Маврово и Ростуше, Жика Стојановски – градоначалник на општина Илинден, Ивица Тошевски – градоначалник на општина Ранковце, Аце Коцевски - градоначалник на општина Велес, Наташа Петровска – градоначалник на општина Битола, Благој Бочварски - градоначалник на општина Штип, Стефан Богоев - градоначалник на општина Карпош, Миликије Халими- градоначалник на општина Арачиново, Саша Богдановиќ-градоначалник на општина Центар, Илија Јованоски - Претседател на Надзорен одбор и градоначалник на општина Прилеп, Томе Солевски - Претседател на Комитетот на совети и Претседател на совет на општина Кочани, Тони Бојковски - Член на Комитетот на совети и Претседател на совет на општина Гази Баба.

Гости: Претставник од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, г. Златко Апостолоски, Заменик Национален координатор за борба против тероризам.

**Дискусија**:

Со поканата за оваа седница до членовите на Управниот одбор беше доставен следниот предлог:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на обраќањето на општина Пласница до ЗЕЛС;
2. Разгледување на обраќањето на општина Гостивар до ЗЕЛС;
3. Разгледување на иницијатива од Општина Кочани за измена на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РМ и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновање на право на стварна службеност;
4. Разгледување на иницијативата за донесување нов Закон за јавните патишта изготвен од Мрежата на сообраќајни инспектори и инспектори за патен сообраќај при ЗЕЛС;
5. Обраќање на г. Симеон Дукиќ, претставник на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, пред Управниот одбор на ЗЕЛС;

6. Разгледување на состојбите во областа на пожарникарството и утврдување на став на ЗЕЛС во однос на ова прашање;
7. Одлука за свикување на Генерално собрание на ЗЕЛС, со разгледување на предлог акциски план, предлог буџет и предлог план за јавни набавки за 2019 година;
8. Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти поднесена од општина Велес;
9. Одлука за формирање на Комисии во ЗЕЛС со предлог членови;
10. Разгледување на состојбата со долговите во јавните претпријатија основани од општините и утврдување на предлог – мерки за нивна санација;
11. Разно

Предложениот ДНЕВЕН РЕД беше изменет и дополнет со нови точки, по што присутните членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС едногласно го изгласаа и расправаа по следниот ДНЕВЕН РЕД:

1. Обраќање на претставник на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, пред Управниот одбор на ЗЕЛС;
2. Разгледување на обраќањето на општина Пласница до ЗЕЛС;
3. Разгледување на обраќањето на општина Гостивар до ЗЕЛС;
4. Разгледување на иницијатива од Општина Кочани за измена на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РМ и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновање на право на стварна службеност;
5. Разгледување на иницијативата за донесување нов Закон за јавните патишта изготвен од Мрежата на сообраќајни инспектори и инспектори за патен сообраќај при ЗЕЛС;
6. Разгледување на состојбите во областа на пожарникарството и утврдување на став на ЗЕЛС во однос на ова прашање;
7. Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти поднесена од општина Велес;
8. Одлука за свикување на Генерално собрание на ЗЕЛС, со разгледување на предлог акциски план, предлог буџет и предлог план за јавни набавки за 2019 година;
9. Одлука за формирање на Комисии во ЗЕЛС со предлог членови;
10. Разгледување на состојбата со долговите во јавните претпријатија основани од општините и утврдување на предлог – мерки за нивна санација;

11. Барање од СОНК за решавање на проблем со патни трошоци на вработените во образованието;
12. Предлог за отпис на основни средства на ЗЕЛС
13. Барање на Комитет на советите при ЗЕЛС
14. Дискусија по Предлог - законот за дополнување и изменување на Законот за земјоделското земјиште
15. Дискусија по Закон за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
16. Дискусија по проблемот со кучињата скитници

<u>ПРВА ТОЧКА</u>: **Обраќање на претставник на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, пред Управниот одбор на ЗЕЛС**

Заменик Националниот координатор за борба против тероризам, г. Златко Апостолски, накратко образложи што претставува Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, која е неговата цел, и го образложи проблемот со тероризмот, насилниот екстремизам и радикализацијата, посочувајќи дека тоа е проблем кој е присутен, а не е доволно претставен и кој проблем ги засега сите единици на локалната самоуправа. Исткана дека со помош на меѓународна заедница работат на проекти кои треба да се реализираат на подрачјето на општините, како и дека во тек е реализација на голем број работилници и тркалезни маси по односната тема. Исто така посочи дека се предвидува формирање на локални совети за превенција. Затоа побараа помош и поддршка од ЗЕЛС да се упати апел до сите единици на локалната самоуправа, за соработка за реализација на проекти, преку логистичка поддршка од општинската администрација која ќе биде вклучена во активностите, како и овозможување на просторни услови, а предметот на работа и потребните средства ќе бидат определени и овозможени од страна на Националниот комитет.

**ЗАКЛУЧОК:** <u>Управниот Одбор на ЗЕЛС им препорачува на сите единици на локалната самоуправа да соработуваат со Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и преку меѓусебна координација да се усогласат активностите кои треба да се преземат, со цел нивно адекватно и непречено спроведување.</u>

**ВТОРА ТОЧКА:** **Разгледување на обраќањето на општина Пласница до ЗЕЛС;**

До ЗЕЛС од страна на општина Пласница беше доставено барање во врска со пристапот до информацискиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари. Согласно доставеното барање, општината и јавното претпријатите „Комуналец", имаат потреба од продажба на движна ствар, но истото не може да се спроведе од причина што немаат пристап до информацискиот систем, а се тоа поради неизмирен долг кон ЗЕЛС по основ на членарина. Општина Пласница бара поради тешката финансиска состојба да и биде овозможен пристап до системот е – ствари, како и овозможување на отплата на долгот преку склучување на спогодба на повеќе рати.

По ова прашање беше поведена дискусија за тоа дека став на Управниот одбор на ЗЕЛС е да не се отстапува од усвоените услови и начин за овозможување на услугите кон општините, бидејќи отстапувањето од истите ќе има свои реперкусии по стабилноста на Заедницата, а општините можат да ги намират неплатените обврски, преку склучување на спогодба и програмирање на заостанатиот долг, со цел исполнување на условите за пристап кон системот е-ствари.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот Одбор на ЗЕЛС го одби барањето на општина Пласница за пристап кон системот е -ствари, од причина на почитување на принцип на неотстапување од условите и начинот за овозможување на услугите кон општините.

**ТРЕТА ТОЧКА:** **Разгледување на обраќањето на општина Гостивар до ЗЕЛС;**

1.Општина Гостивар се обрати до ЗЕЛС, со барање за спроведување на натамошна постапка, во врска со Решението донесено од Министерот за образование и наука, за одземање на надлежноста на градоначалникот на општина Гостивар, г. Арбен Таравари, за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и општински средни училишта на територијата на општина Гостивар, од 21.02.2018 година. Општина Гостивар бара ЗЕЛС да спроведе понатамошна постапка.

Присутните членови истакнаа дека оваа мерка на Министерството за образование и наука е некоректна и не е во насока на развивање на децантрализацијата.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот Одбор на ЗЕЛС го разгледа барањето на општина Гостивар и заклучи да се достави Барање до Министерството за образование и наука за итно отворање на постапка за враќање на одземените надлежности на градоначалникот на општина Гостивар.

2.Од страна на општина Гостивар беше доставено барање за покренување на иницијатива за решавање статусот на месните заедници и потребата од законски измени за дефинирање

на правниот субјективитет на истите како правни лица со свои органи и определување на нивни законски надлежности. Со регулирање на статусот на месните заедници и враќање на нивната функционалност, би се создале предуслови за активирање на граѓаните во креирање на политиките и решавање на проблемите на локално ниво.

По оваа тема се поведе дискусија околу фактичката состојба на месните заедници и нивното функционирање, но ова прашање е надвор од надлежностите на Управниот одбор на ЗЕЛС, бидејќи статусот на месните заедници е утврден со закон. Ова прашање заедно со други клучни прашања од значење за сите единици на локалната самоуправа, треба да биде покренато при евентуално изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледа барањето на општина Гостивар и констатира дека истото е надвор од неговите надлежности.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Разгледување на иницијатива од Општина Кочани за измена на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РМ и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновање на право на стварна службеност;**

Општина Кочани се обрати до ЗЕЛС со барање за покренување на иницијатива за ревидирање на висината на откупната цена на градежното земјиште утврдена со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РМ и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновање на право на стварна службеност, а по претходно доставено барање до општината од страна на група на граѓани. Станува збор за утврдена цена за постапките при откуп на земјиштето по пат на непосредна спогодба, а најчест случај се постапките за стекнување со право за откуп на дворното место на градежната парцела врз основа објект кој добил правен статус. Во барањето е наведен пример дека согласно Уредбата, за општина Кочани, за м.в Поникваа на планината Осогово, висината на цената на градежното земјиште ( дворно место за објекти А-4 времено домување) изнесува 900,00 денари /м2, додека за соседната општина Пробиштип исто така за м.в Пониква, кое е на поатрактивна локација, утврдената цена изнесува 500,00 денари/м2.

По оваа точка се дискутираше во насока на тоа дека разликите на цените утврдени во Уредбата донесена од Владата на Република Македонија, за места каде што се граничат општините, треба да бидат усогласени.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледа барањето на општина Кочани и заклучи да се достави барање до надлежните органи за измена на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на РМ и висината на посебните трошоци за

спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп, како и за засновање на право на стварна службеност, со цел усогласување на разликите во цените и ставање во рамноправна положба на општините особено во граничните подрачја помеѓу две катастарски општини, а по претходна консултација со општините.

**ПЕТТА ТОЧКА: Разгледување на иницијативата за донесување нов Закон за јавните патишта изготвен од Мрежата на сообраќајни инспектори и инспектори за патен сообраќај при ЗЕЛС;**

Мрежата на локални инспектори за сообраќај, патишта и патен сообраќај при ЗЕЛС подготви предлог-текст на нов Закон за јавни патишта, кој текст беше доставен во материјалите за седницата до членовите на Управниот одбор. Во тесктот се инкорпорирани измените што се бараат, а произлегуваат од проблемите со кои инспекциските служби се соочуваат при работата на терен и спроведување на инспекциските постапки, ( како на пр. паркирани возила и попречување на движење на останатите учесници во сообраќајот, режим на сообраќај, градби и оштетување на сообраќајниците, одржување на инсталациите вградени во јавните патишта и сл), односно работи кои се поврзани со јавните патишта, нивната заштита и одржување, а не се опфатени со одредбите на законот кој е на сила, или истите се нецелосни.
Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека составен дел во овој текст треба да биде и долгогодишниот став на ЗЕЛС во однос на тоа дека дел од финансиските средства обезбедени од дел од акцизата од деривати од нафта, кои се траснферираат на сметка на Јавното претрпријатие основано од Владата на Република Македонија, за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие, треба да се трансферираат и на сметка на единиците на локалната самоуправа.

Од страна на присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС беа истакнати одредени забелешки од номотехнички карактер во однос на предлог-текстот на Законот за јавните патишта, кои сметаат дека треба да бидат корегирани, и истите беа прифатени.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледа предлог - текстот на Законот за јавните патишта, со дополнување на истиот со одредба со која се утврдува дека дел од акцизата од деривати од нафта се приход на единиците на локалната самоуправа и исправка на техничките забелешки и заклучи истиот да биде доставен во натамошна процедура.

**ШЕСТА ТОЧКА: Разгледување на состојбите во областа на пожарникарството и утврдување на став на ЗЕЛС во однос на ова прашање;**

За актуелната состојба во областа на пожарникарството присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС поведоа обемна дискусија во насока на тоа дека состојбата во

пожарникарството претставува горлив проблем и потребно е итно решавање на истиот, преку утврдување на заеднички став.
Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека по прашањето за утврдување на заеднички став за тоа како во иднина треба да изгледа системот за заштита и спасување, ЗЕЛС се обрати до сите единици на локалната самоуправа каде што се формирани ТППЕ, со барање за мислење, по преходно утврдени предлог - ставови од страна на работна група под раководство на Министерството за внатрешни работи и тоа: дали системот за управување со кризи треба да остане каков што е, без никакви измени; ЦУК, ДЗС и противпожарната служба да бидат под надлежност на МВР, како посебно Биро; да се формира посебна Агенција или Дирекција директно под Влада на РМ каде би функционирале заедно ДЗС, ЦУК и ТППЕ; дали да бидат прифатени и дафункционираат во склоп на Министерството за одбрана или да се формира посебно министерство за управување со кризи.

Членовите дискутираа околу тоа дека морално и принципиелно е да се задржи нешто што веќе е децентрализирано, бидејќи противпожарната заштита функционира подобро во рамките на локалната власт, но дека акцентот треба да се стави на решавање на финансискиот проблем преку преговори со централната власт, со цел територијалните противпожарни единици да станат пофункционални, помобилни и пооперативни од една страна, и намалување на оптеретувањето на општинските буџети по овој основ, од друга страна.

Дел од присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС истакнаа дека сметаат дека не може да се утврди став на ЗЕЛС по ова прашање, без да бидат обезбедени соодветни финансиски средства, од причина што финансиски средства не се потребни само за плати на вработените, туку и за соодветни возила, опрема и нивно одржување, реконструкција и санација на згради и сл.

Понатаму беше истакнат и проблемот со недостиг од човечки ресури во речиси сите територијални противпожарни единици како и нивната слаба материјално - техничка опременост.

По водење на обемна дискусија, истакнување на многу мислења, проблеми и факти за состојбата во која се наоѓа пожарникарството, беше посочена и потребата ова прашање да биде покренато пред Генералното собрание на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС утврди став дека противпожарната заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици треба да остане во рамки на локалната самоуправа, а сите проблеми од оваа област, пред се финансикиот проблем, треба да бидат изнесени пред Генералното собрание на ЗЕЛС, како и да се решаваат во директни преговори со централната власт.

**<u>СЕДМА ТОЧКА:</u> Разгледување на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти поднесена од општина Велес;**

Градоначалникот на општина Велес, г. Аце Коцевски, презентираше иницијатива за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти и ја појасни потребата од носење на измените како и импликациите по истите. Станува збор за опфаќање на нова категорија објекти ( изградени по 3 март 2011 година, а заклучно со денот на стапување на сила на овој Закон). Рокот за поднесување на барања за утврдување на статус на овие објекти би се продолжил за една година. Дополнително, со оваа иницијатива се предлага извод од сателитска снимка да биде земен во предвид како доказ при утврдувањето на фактите поврзани со тоа кога за конкретниот бесправен објект биле изведени градежните и инсталатерските работи во целост и објектот претставува градежна и функционална целина. Така, на формираната комисијата, покрај обврската за увид и составување на записник за извршен увид на самото место со технички податоци и фотографии од истиот и се утврдува и обврската за обезбедување на дополнителен доказ – извадок од јавно достапна сателитска снимка на интернет или други сателитски снимки. Исто така за објектите изградени по 3 март 2011 година, заклучно со стапувањето на сила на овој закон, а кои ги исполнуваат условите, се предвидува плаќање на двоен надомест од надоместокот утврден во постапката на издавање на одобрение за градење за соодветниот тип на градба.
Г.Коцевски, посочи и потреба од ригорозност кон општините кои нема да го почитуваат законот, како и можност за одземање на нивните надлежности.

По оваа точка се поведе обемна дискусија во насока на тоа дека овој Закон се злоупотребува, дека и понатаму се градат бесправни објекти и потребно е да се најде адекватно решение за истите, но и дека продолжувањето на рокот од една година за поднесување на барање за утврдување на статус на бесправните објекти, само би значело одолговлекување на проблемот. Беа истакнати мислења дека рушењето на ваквите објекти претставува големо оптоварување за буџетите на општините, беше спомената кривичната одговорност за бесправно градење и проблемот со свесноста на граѓаните за истата, како и проблемот од недостиг на градежна инспекција како една од причините за понатамошно бесправно градење.
Како можно решение беше истакната идеата за тоа по истекот на рокот за поднесување барање за утврдување на статус на бесправен објект и за комплетирање на потребната документација, објектот кој не добил правен статус да стане сопственост на општината. Така општините би имале свој имот, кој понатаму би имплицирал дополнителни приходи

во буџетите на општините, кои би можеле да се искористат за градење на социјални и други политики.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои содржината на иницијативата за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти поднесена од општина Велес, и истата ја дополни со одредби со кои се утврдува дека :

- Крајниот рок за поднесување на барање на утврдување на статус на бесправни објекти се продолжува за 6 месеци, и тоа за објектите кои се изградени по 3 март 2011 година заклучно со денот на стапување на сила на оваа измена на Законот;
- Општината самостојно да има право да поведе постапка по службена должност за објектите за кои нема да се поднесе барање за утврдување на правен статус, со тоа што објектот чиј што правен статус ќе биде утврден во рамките на оваа постапка ќе биде запишан во сопственост на општината;
- Надоместокот за утврдување на правен статус за објектите за кои ќе биде поднесено барање за утврдување на правен статус, а биле изградени по 3 март 2011 година заклучно со денот на стапување на сила на оваа измена на Законот, е еднаков на висината на предвидениот надоместок за уредување на градежно земјиште.

**ОСМА ТОЧКА: Одлука за свикување на Генерално собрание на ЗЕЛС, со разгледување на предлог акциски план, предлог буџет и предлог план за јавни набавки за 2019 година;**

1. Седницата на Генералното Собрание на ЗЕЛС, се предлага да се одржи на 14 декември, 2018 г. (петок), во хотел „Александар Палас", Скопје, а времето на одржување на истата дополнително ќе биде утврдено.
Предлогот е на истиот ден во соработка со Владата на Република Македонија да се организира средба, на која би присуствувале министрите од соодветните министерствата и сите градоначалници, а на која ќе бидат истакнати прашања во однос на проблемите со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа.
По завршувањето на средбата, да се продолжи со седницата на Генералното собрание на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот Одбор на ЗЕЛС за претставници на средбата со Владата на Република Македонија, кои ќе ги реферираат проблемите и прашањата соодветно по области, ги назначи:

- Аце Коцевски, градоначалник на општина Велес – прашања од областа на финансии;

- Наташа Петровска, градоначалничка на општина Битола - прашања од областа на образование;
- Саша Богдановиќ, градоначалник на општина Центар - прашања од областа на култура, млади и спорт;
- Максим Димитриевски, градоначалник на општина Куманово - прашања од областа на пожарникарството;
- Благој Бочварски, градоначалник на општина Штип- прашања од областа на урбанизмот;
- Теута Арифи, градоначалничка на општина Тетово – пашања поврзани со детски градинки и социјална заштита.

**ОДЛУКА:** 3-тата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС се закажува за 14 декември, 2018 г. (петок), во хотел „Александар Палас", Скопје, а времето на одржување на седницата дополнително ќе биде утврдено.

Генералното Собрание на ЗЕЛС ќе расправа согласно следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Одлука за избор на членови во работно Претседателство на 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Усвојување на Записникот од 2-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
3. Обраќање на г. Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС;
4. Усвојување на Акционен план и Предлог Финансиски план на ЗЕЛС за 2019 г;
5. Отворена дискусија – Разно.

2. До членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС во материјалите за седницата им беа доставени на разгледување предлог Планот за работа на ЗЕЛС (Акционен план) за 2019 година, предлог Финансискиот план и Планот за јавни набавки за 2019 година.

**ОДЛУКА:**

1.Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои содржината на предлог Планот за работа на ЗЕЛС (Акционен план) за 2019 година и му предлага на Генералното собрание на ЗЕЛС истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

2. Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои содржината на предлог Финансискиот план за 2019 година и му предлага на Генералното собрание на ЗЕЛС истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

3. Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2019 година.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Одлука за формирање на Комисии во ЗЕЛС со предлог членови;**

На членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС во материјалите за седницата им беше доставен и Предлог за формирање на Комисии и состав на членовите во секоја од Комисиите при ЗЕЛС. Ова од причина што истите претставуваат многу важна алатка при разработување на ставови, кои потоа се пласираат пред повисоките тела и органи на ЗЕЛС, и надлежните институции.
При утврдување на предлогот се водеше сметка за стручноста на секој од градоначалниците и обезбедување на континуитет во работата заради поголем придонес и ефикасност во работата на Комисиите како постојани тела на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор на ЗЕЛС ги формира Комисиите на ЗЕЛС и го утврдува нивниот состав.

Називот и составот на Комисиите се во прилог на овој Записник и составен дел на истиот.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Разгледување на состојбата со долговите во јавните претпријатија основани од општините и утврдување на предлог – мерки за нивна санација;**

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека врз основа на предлог на Градоначалникот на општина Куманово, Максим Димитриевски, а по доставени податоци од поголемиот дел од општините, ЗЕЛС изготви преглед на состојбата на долгот на јавните претпријатија основани од општините и тоа за неизмирени долгови кон УЈП, МФ и други државни институции, како и други обврски кон јавни установи, организации и фондови основани од државата. Овој долг изнесува приближно 2.700.000.000,00 денари.
По оваа точка се поведе дискусија во насока на тоа дека една од главните причини за настанување на овие долгови е обврската за плаќање на ДДВ и каматите произлезени по овој основ. Беа изнесени предлози како можно решение да биде побарано отпис на каматите, а долговите да се плаќаат во рамките на можностите на самата општина преку спогодбено плаќање на долгот на рати.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС бара надлежните органи да извршат отпис на каматите, а плаќањето на настанатиот долг да биде регулирано преку спогодби за плаќање на рати, сразмерно на можностите.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Барање од СОНК за решавање на проблем во врска со патните трошоци на вработените во образованието;**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Репбулика Македонија – СОНК, се обрати до ЗЕЛС со барање за решавање на проблем во врска со патните трошоци на вработените во образованието. Имено, патните трошоци на вработените во образованието се калкулираат во бруто платата, па проблем се јавува особено за оние вработени кои патуваат повеќе километри до работното место, така што износот за овој трошок го надоместуваат од сопствен буџет. Согласно Законот за работните односи, работодавачот на свој трошок може да го организира превозот од и до работното место. Затоа СОНК бара да се излезе во пресрет и да се најде најприфатливо решение за овој проблем, од аспект на општините како основачи на училиштата, оосбено при планирање на општинските буџети за 2019 година.

По оваа точка присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС дискутираа во насока на тоа дека излегување во пресрет на ова барање и земање на обврска за плаќање на трошоците по овој основ, доведува до дополнително оптоварување на општинските буџети. Решение на овој проблем треба да се бара повторно во преговори со централната власт, за добивање на дополнителни финансиски средства.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС заклучи да се достави допис до Министерството за образование и наука со барање за помош во изнаоѓање на решение за обезбедување на потребните средства, за решавање на проблемот со превозот на вработените во образованието.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог за отпис на основни средства на ЗЕЛС;**

Комисијата при ЗЕЛС формирана за спроведување на попис даде предлог да се изврши расходување на одредени попишани основни средства од административната зграда на ЗЕЛС, бидејќи истите се неисправни и не се во функција, а истите поради застареност и со извршена поправка не можат да бидат ставени во употреба.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор на ЗЕЛС донесе одлука за отпис на предложените основни средства на ЗЕЛС.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Барање на Комитетот на советите при ЗЕЛС;**

Г. Томе Солевски, претседател на Комитетот на совети при ЗЕЛС и Претседател на совет на општина Кочани го образложи барањето произлезено од последната седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС. Истакна дека советите имаат проблем со отежната и неоволна комуникација со општинската администрација, како и неопходна потреба од формирање на посебно одделение или сектор за помош и поддршка на советите на

општината, во зависност од големината на општината, одговорни единствено пред советот на општината, и побара од Управниот одбор на ЗЕЛС наоѓање на адекватно решение.

Беше поведена дискусија околу тоа дека сите вработени од општинската администрација имаат обврски како пред градоначалникот на општината, така и пред советот на општината, така што секој службеник треба да биде на располагање на советот на општината , во зависнот од областа во која се бара помош и да ја врши својата работа според описот и пописот на работното место, а во согласност со законските одредби.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС им препорачува на општините да предвидат во систематизацијата соодветни работни места за државни службеници чии што работни задачи ќе соодветствуваат со потребите и работата на советот на соодветната општина и да изнајдат соодветни просторни услови за работа на советниците.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Дискусија по Предлог - законот за дополнување и изменување на Законот за земјоделското земјиште;**

Предмет на дискусија по оваа точка беше измената што се предвидува со Предлог – законот за дополнување и изменување на Законот за земјоделско земјиште, а се однесува на составот на Комисијата за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп. Со оваа измена се предлага во работата на Комисијата за спроведување на постапката за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост во закуп, да учествува само еден член на ЗЕЛС, односно се предвидува менување на сегашното законско решение каде како членови од страна на ЗЕЛС во Комисијата, се лица назначени од единиците на локалната самоуправа на чија територија се издава земјиштето предмет на закуп.

Беше истакнато дека ваквото решение е непромислено и неприфатливо, и би довело до попречување на увидот на локалната самоуправа за активностите што се извршуваат на нејзината територија од страна на централната власт.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС утврди негативен став кон менување на одредбите во Законот за земјоделско земјиште кои се однесуваат на составот на Комисијата за спроведување на постапката за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост во закуп.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Дискусија по Закон за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и едински корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;**

По оваа точка присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС изразија огромно незадоволство од начинот на предлагање и носење на вакви важни закони кои се

однесуваат на суштински работи од надлежност на локалната самоуправа, без никаква консултација со ЗЕЛС.

Градоначалникот на општина Велес, Аце Коцевски, образложи дека со измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, сопствените приходи на основниот буџет на општината (даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот од додадена вредност) може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција.

Беше поведена дискусија дека ваквата измена претставува своевидно ограничување на општинските буџети, а со тоа и ограничување на вршењето на работата и надлежностите на единиците на локалната самоуправа, неможност за креирање на политики за развој, како и можност за нивна евентуална финансиска нестабилност, а крајниот ефект ќе го почувствуваат граѓаните.

Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа, за финансирање на доспеани а неплатени обврски, се однесува на покривање на 51% од вкупниот пријавен износ на доспеани а неплатени обврски, на општините и единките корисници, заклучно со месец септември 2018 година. Износот на средства кој ќе го добие секоја единица на локалната самоуправа е утврден во самиот текст на законот.

Градоначалникот на општина Велес, Аце Коцевски, истакна дека вака направената распределба без соодветен план и анализа и без консултација со локалната самоуправа, направена само врз основа на електронската евиденција за пријавување на обврски, е неправедна и дека дел од општините на овој начин ќе бидат незаслужно наградени. Посочи и дека ваквиот потег на Владата на Република Македонија е за поздравување, но дека е сосема спротивно од она што претходно е ветено, односно овозможување на кредити со ниски каматни стапки и отплата на долгот на подолг временски период.

Присутните членови посочија дека е потребна итна средба со Претседателот на Владата на Република Македонија и Министерот за финансии, на која ќе се отворат овие прашања и ќе се дискутира за неповолната положба во која се ставени единиците на локалната самоуправа без притоа да бидат консултирани. На оваа средба би се отвориле и прашањата околу обезбедување на стабилни извори на финансирање на единиците на локалната самоуправа, за решавање на претходно изнесените проблеми.

**ЗАКЛУЧОК:**

1.Управниот одбор на ЗЕЛС бара итна средба со Претседателот на Владата на Република Македонија и Министерот за финансии, на која ќе се бараат финансиски решенија за

проблемите со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа во вршењето на надлежностите определени со закон и проблемите кои произлегуваат од Закон за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

2. За претставници на оваа средба се избрани:

- Петре Шилегов, Претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје;
- Висар Ганиу, Потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на општина Чаи;,
- Митко Јанчев, Потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на општина Кавадарци,
- Аце Коцевски, градоначалник на општина Велес;
- Благој Бочварски, градоначалник на општина Штип;
- Стефан Богоев, градоначалник на општина Карпош;
- Наташа Петровска, градоначалничка на општина Битола;
- Саша Богдановиќ, градоначалник на општина Центар и
- Максим Димитриевски, градоначалник на општина Куманово.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Дискусија по проблемот со кучиња скитници**

Претседателот на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, Петре Шилегов истакна дека согласно заклучокот од сто и првата седница на Владата на Република Македонија, доставено е барање од Агенцијата за храна и ветеринарство, за учество на претставници на ЗЕЛС, на седница на Комисијата за заштита и благосостојба на животните, која ќе се одржи на 19.11.2018 година, а во врска со изнаоѓање на законско решение за проблемот со кучињата скитници.

**ЗАКЛУЧОК:** На седницата на Комисијата за заштита и благосостојба на животните, во Агенцијата за храна и ветеринарство ќе присуствува по еден претставник од Град Скопје, од општина Центар и општина Тетово.

**РАЗНО:** Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ даде предлог за донесување на одлука за ревидирање на износот на месечните примања, однсносно утврдување на нов износ на нето плата за работно место – Советник за информатичка технологија, во Одделение за информатичка технологија, односи со јавноста, обука и услужни дејности во стручната служба на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА: Управниот одбор на ЗЕЛС го прифати предлогот на Извршниот директор и донесе одлука за утврдување на износ на нето плата за работно место – Советник за информатичка технологија.**

Скопје, 15 ноември, 2018 г.

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС

| ред.бр. | **Комисија за финансирање** | **Комисија за локален економски развој** |
|---|---|---|
| | координатор:Душица Перишиќ | координатор: Ардита Дема Мехмети |
| | **членови** | **членови** |
| **1** | Аце Коцевски- Градоначалник на општина Велес | Јован Стојановски - Градоначалник на општина Охрид |
| **2** | Блерим Беџети - Градоначалник на општина Сарај | Фатмир Дехари - Градоначалник на општина Кичево |
| **3** | Николчо Илијев - Градоначалник на општина Кочни | Томе Христоски - Градоначалник на општина Крушево |
| **4** | Жика Стојановски - Градоначалник на општина Илинден | Борјанчо Мицевски- Градоначалник на општина Крива Паланка |
| **5** | Сашо Поцков - Градоначалник на општина Гевгелија | Љубе Кузмановски - Градоначалник на општина Новаци |
| **6** | Максим Димитриевски - Градоначалник на општина Куманово | Аљбон Џемаили - Градоначалник на општина Боговиње |
| **7** | Велимир Смилевски - Градоначалник на општина Бутел | Исмаил Јахоски - Градоначалник на општина Пласница |
| 8 | Азем Садики - Градоначалник на општина Студеничани | Анго Ангов - Градоначалник на општина Дојран |
| 9 | Сашо Велковски - Градоначалник на општина Свети Николе | Блаже Станков - Градоначалник на општина Зрновци |
| 10 | Исен Шабани - Градоначалник на општина Врапчиште | Марјанче Стојановски - Градоначалник на општина Демир Хисар |
| | | |

ЗЕЛС комисии 2017-2021

| Комисија за урбанизам и просторно планирање | Комисија за рурален развој | Комисија за животна средина и комунални дејности |
|---|---|---|
| координатор:Виктор Арнаудоски | координатор: Наташа Вртеска | координатор: Ивана Серафимова |
| **членови** | **членови** | **членови** |
| Благој Бочварски Градоначалник на општина Штип | Ивица Тошевски - Градоначалник на општина Ранковце | Саша Богдановиќ - Градоначалник на општина Центар |
| Стефче Трпковски - Градоначалник на општина Сопиште | Благој Илиев - Градоначалник на општина Конче | Сашо Јанкоски - Градоначалник на општина Вевчани |
| Филип Темелковски - Градоначалник на општина Кисела Вода | Енвер Пајазити - Градоначалник на општина Брвеница | Перо Костадинов- Градоначалник на општина Валандово |
| Рамис Мерко - Градоначалник на општина Струга | Жаклина Јовановска - Градоначалник на општина Старо Нагоричане | Драган Тренчовски - Градоначалник на општина Пехчево |
| Ацо Велковски - Градоначалник на општина Лозово | Рубинчо Шефтеровски - Градоначалник на општина Кривогаштани | Драган Анастасов - Градоначалник на општина Пробиштип |
| Горанчо Крстев - Градоначалник на општина Чешиново - Облешево | Јасминка Гулевска - Градоначалник на општина Могила | Герасим Конзулов- Градоначалник на општина Радовиш |
| Звонко Пекевски - Градоначалник на општина Берово | Бљерим Сејди - Градоначалник на општина Желино | Јордан Насев - Градоначалник на општина Карбинци |
| Борис Георгиевски - Градоначалник на општина Гази Баба | Аријан Ибраим - Градоначалник на општина Центар Жупа | Ивица Димитров - Градоначалник на општина Виница |
| Живко Гошаревски - Градоначалник на општина Ресен | Зоран Зимбаков - Градоначалник на општина Босилово | Живко Силјаноски - Градоначалник на општина Македонски Брод |
| Златко Марин - Градоначалник на општина Аеродром | Горан Стојановски - Градоначалник на општина Чашка | Дарко Блажески - Градоначалник на општина Јегуновце |
| | | |

| Комисија за енергетика | Комисија за образование | Комисија за култура |
|---|---|---|
| координатор: Александар Арсовски | координатор: Весна Арсовска Динковска | координатор: Ирена Николов |
| **членови** | **членови** | **членови** |
| Коста Јаневски - Градоначалник на општина Струмица | Теута Арифи - Градоначалник на општина Тетово | Соња Стаменкова - Градоначалник на општина Македонска Каменица |
| Илија Јованоски - Градоначалник на општина Прилеп | Наташа Петровска - Градоначалник на општина Битола | Александар Наумоски - Градоначалник на општина Ѓорче Петров |
| Арбен Таравари - Градоначалник на општина Гостивар | Стефан Богоев - Градоначалник на општина Карпош | Ружди Љата - Градоначалник на општина Дебар |
| Љупчо Бојаџиев - Градоначалник на општина Кратово | Миликије Халими- Градоначалник на општина Арачиново | Блаже Шапов - Градоначалник на општина Богданци |
| Еркан Арифи - Градоначалник на општина Липково | Медат Куртовски - Градоначалник на општина Маврово и Ростуше | Марјан Јанев - Градоначалник на општина Василево |
| Тони Делков - Градоначалник на општина Неготино | Исен Асани - Градоначалник на општина Теарце | Роберт Бешовски - Градоначалник на општина Градско |
| Борче Митевски - Градоначалник на општина Петровец | Бранко Јанев - Градоначалник на општина Росоман | Џемил Ќамили - Градоначалник на општина Долнени |
| Горан Трајковски - Градоначалник на општина Делчево | Лазар Петров - Градоначалник на општина Демир Капија | Борче Гиевски - Градоначалник на општина Зелениково |
| Зоран Ногачески - Градоначалник на општина Дебрца | Курто Дудуш - Градоначалник на општина Шуто Оризари | Јован Пејковски - Градоначалник на општина Чучер Сандево |
| | | |
| | | |